РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА
MINISTRIA E SHOQËRISË INFORMATIKE DHE ADMINISTRATËS
Бр.-Nr. 11/1 – 460/27
11.09 2020 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Република Северна Македонија
Министерство за информатичко општество и администрација
Примено: 11.09.2020
Орг. един. | Број | Прилог | Вредност
11/1-460/27

# Записник од десеттата седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК)

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Место на одржување** | Online електронска седница | | |
| **Датум** | 16.07.2020 година | **Време** | 14:00 – 15:30 часот |
| **Бр. на седница** | Десетта седница | | |
| **Состанокот го води** | Димитар Буковалов, претседател на НКБК | | |
| **Учесници** | **Поканети:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Сашко Мукаетов – член на НКБК<br>5. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>6. Славица Настеска – член на НКБК | **Присутни:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Сашко Мукаетов – член на НКБК<br>5. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>6. Славица Настеска – член на НКБК | |
| **Други присутни на состанокот** | Сашко Стојковски, Зоран Мурџев, Благој Стојанов, Николче Мицкоски<br>Милан Николовски (независни експерти) | | |
| **Логистичка поддршка** | Владимир Соколов, МИОА<br>Мишко Талески, МИОА | | |

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на предлог Записникот од седницата одржана на 22.06.2020 година,
2. Усвојување на "Предлози и коментари на НКБК по однос на: предлог текстот на Националната ИКТ стратегија, предлог Акцискиот план и документот State of play",
3. Предлог допис на ЈП МРД, со кој ќе се бара општините да го дополнат бројот на бесплатни wifi точки,
4. Разно

## БЕЛЕШКИ

Десеттата седница која се одржа online ја отвори претседателот на НКБК, Димитар Буковалов, кој утврди дека се присутни сите членови на НКБК, со што телото може полноважно да одлучува.

На почетокот на седницата беше утврден предложениот дневен ред, кој едногласно беше усвоен.

**За првата точка од дневниот ред,**

Во однос на првата точка, членовите на НКБК го усвоија записникот од деветтата седница, одржана на 22.06.2020 година.

**За втората точка од дневниот ред,**

Во врска со "Предлозите и коментарите на НКБК по однос на предлог текстот на Националната ИКТ стратегија, предлог Акцискиот план и документот State of play", претседателот на НКБК, Димитар Буковалов, извести за забелешките доставени од независниот експерт Сашко Стојковски, кои се однесуваат на насловот на Националната ИКТ стратегија. Според Стојковски, во документот во детали е опишана имплементацијата на ICT за потребите на владата, додека само се повикува на Националниот оперативен бродбенд план.

Буковалов напомена дека дополнувањето може да се направи со терминот government

во насловот во точка 2 од документот – инфраструктура за поврзување (connectivity and government infrastructure), додека главниот наслов на стратегијата да остане како што е предложен.

Сашко Стојковски истакна дека можеби е потребно во Стратегијата да се додаде и дијаграм, со кој ќе се опише постоечката и идната состојба, согласно преземените активности на Стратегијата, а со цел полесно разбирање на планираните активности. На тоа се надоврзаа Славица Настевска и Зоран Дервишов нагласувајќи дека стратешките документи ги даваат само главните насоки, и дека е прерано во оваа фаза документот да се оптоварува со дијаграми кои можеби во некоја идна фаза би биле и ограничувачки фактор.

**Заклучок 1:** Членовите на НКБК едногласно го усвоија предлогот за надополнување на точка 2 од стратегијата, односно насловот да се промени во Connectivity and government infrastructure.

Членот на НКБК, Сашко Мукаетов, го отвори прашањето за утилизација на ULTRA FAST мрежите на Телеком, и поголема искористеност на сите расположиви постоечки капацитети, со цел поголема економичност и за да не се удвојуваат трошоците доколку веќе има постоечка мрежа. На тоа се надоврзаа Славица Настевска и Атанас Мишев, лоцирајќи ги главните причини за слабата утилизација на мрежите во ценовниот индекс и недостатокот на сервиси. Буковалов истакна дека тоа прашање е содржано во НОБП и не треба да биде вклучено во стратегијата.

Претседателот на НКБК, Буковалов ги стави на гласање предлозите и коментарите за Националната ИКТ стратегија.

**Заклучок 2 :** Членовите на НКБК едногласно ги усвоија "Предлозите и коментарите на НКБК по однос на предлог текстот на Националната ИКТ стратегија, предлог Акцискиот план и документот State of play", и истите ќе бидат доставени до министерот за информатичко општество и администрација. Предлозите ќе бидат поставени на веб страната на НКБК.

**За третата точка од дневниот ред,**

Во врска со Предлог дописот на ЈП Македонска радиодифизија, со кој ќе се бара општините да го дополнат бројот на бесплатни wifi точки, Буковалов напомена дека НКБК со закон има обврска да учествува во утврдување на локациите за бесплатни интернет точки.

Во врска со идејата/предлогот бесплатните интернет точки да се утврдат и за локации

од верски карактер, тој додаде дека дискутабилно е прашањето за обезбедување јавни средства за таков вид локации.

Членот на НКБК, Славица Настеска, предложи ова писмо да биде иницијатива НКБК да изготви препораки кои бесплатни wifi точки би биле опфатени со оваа мерка.

Независниот експерт, Милан Николовски, потенцира дека мора да постојат критериуми врз основа на кои ќе се направи утврдување на бесплатните wifi точки, бидејќи под именителот точки од јавен интерес можат да се сведат секакви локации.

**Заклучок 3 :** НКБК ќе побара од ЈП МРД листа/преглед од општините со доставени предлози, со цел да се направи анализа на предложените бесплатни wifi точки.

**За точката разно,** немаше пријавено дискусии од членовите на НКБК и независните експерти.

Записникот го водеше
Претседател на НКБК

**Димитар Буковалов**